КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KINOTEKA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
CINEMATHEQUE OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

www.kinoteka.mk

MEMBER OF FIAF

Ул. Никола Русински бр.1 п.фах 16, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: +389 2/ 3071-814, 3071-815, факс: + 389 2/ 3071-813

Rr. Nikolla Rusinski nr. 1 p.faks 16, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, faks: +389 2/ 3071-813

Nikola Rusinski 1 P.O.box 16, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, fax: + 389 2/ 3071-813

Бр.04 - 488/10
16.7.2021

Врз основа на член 77-ж, став 1 од Законот за културата („Сл.весник на РМ„ бр: 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, и 11/18),член 20-д став 2 од Законот за вработени во јавен сектор („Сл.весник на РМ„ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 21 и 23 став 4 од Законот за работните односи („Сл.весник на РМ„ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), член 8 од Правилникот за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-технички кадар во НУ Кинотека на Македонија, бр.01-689/1 од 19.06.2018 година, а согласно Известувањето од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на лице на неопределено време, за 2021 година во НУ Кинотека на Република Северна Македонија, бр.18-2953/2 од 08.04.2021 година (наш бр.05-107/2 од 13.04.2021 година), директорот на НУ Кинотека на Република Северна Македонија, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за избор на 1 (едно) лице давател на јавна услуга по објавен оглас бр.01/2021

**1.** По јавниот оглас бр.01/2021 објавен во дневните весници „Нова Македонија„, „Слободен печат„ и „Коха„ на 17.06.2021 година, за вработување на неопределено време на 1 (едно) лице давател на јавна услуга, за работното место КУЛ 03 04 Д03 005; филмолог – филмски архив, е избран:

- Емил Костовски (Албанец)

**2.** Изборот е извршен врз основа на ранг листа од кандидатите кои ги исполнуваат условите од јавниот оглас бр.01/2021.
**3.** По конечноста на одлуката за избор, ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување.
**4.** Одлуката ќе се објави на огласна табла и на веб страната на установата.
**5.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на утврдена потреба, а по претходно обезбедена согласност за вработување, НУ Кинотека на Република Северна Македонија објави оглас за вработување на 1 (едно) лице, давател на јавна услуга, на неопределено време. На јавниот оглас објавен во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха" на 17.06.2021 година се јавија вкупно 4 кандидати за работното место: КУЛ 03 04 Д03 005; филмолог – филмски архив, од кои 2 кандидати со уредна документација.

Со цел спроведување на постапката за вработување, директорот на Кинотеката на Република Северна Македонија формира Комисија за постапка за вработување бр.04-190/4 од 14.06.2021 година.

Комисијата за постапката за вработување, по поднесените пријави на кандидатите, ја спроведе постапката за вработување согласно Законот за културата,

Законот за вработени во јавен сектор, Законот за работните односи и Правилникот за пополнување на работни места на даватели на услуги и помошно технички кадар во НУ Кинотека на Македонија. По извршениот писмен испит и интервју, согласно член 20-д став 2 од Законот за вработени во јавен сектор, комисијата состави Записник и Предлог ранг листа на кандидатите за вработување на горенаведените работни места и истата ја достави до директорот на НУ Кинотеката на Република Северна Македонија.

Врз основа на доставената ранг листа, директорот донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Управниот одбор на Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија, во рок од 8 (осум) дена, по приемот на одлуката.**

Директор
Владимир Ангелов